**2016053136**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ТОПОГРАФИЈАТА НА ИНТЕГРАЛНИТЕ КОЛА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за заштита на топографијата на интегралните кола,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 март 2016 година.

Бр. 08-1677/1
15 март 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ТОПОГРАФИЈАТА НА ИНТЕГРАЛНИТЕ КОЛА

Член 1

Во Законот за заштита на топографијата на интегралните кола („Службен весник на Република Македонија“ број 5/98 и 33/2006 и 136/11), членот 6 се менува и гласи:

“Во управната постапка што се однесува на заштитата на топографијата во прв степен Заводот донесува решение.

Против решението од ставот 1 на овој член, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.”.

Член 2

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.